Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# ГОДИШНА АНАЛИЗА

## на надзорот врз обврските на радиодифузерите и другите даватели на медиумски услуги во однос на почитувањето на авторските и сродните права: договори за регулирање на авторски и сродни права за емитуваните програми, заштита на ексклузивни права на радиодифузерите, најчести прекршувања, изречени мерки, поднесени барања за поведување на прекршочни постапки и кривични пријави и изречени санкции спрема радиодифузерите

Јануари, 2015 година

## Вовед

Оваа Анализа ги опфаќа преземените активности од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во насока на исполнување на обврската за почитување на авторските и сродните права од страна на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во Република Македонија, која произлегува од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14).

Во документот се опишани налозите кои Агенцијата претходната година им ги упати на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи со цел заштита на ексклузивните права на радиодифузерите, а направена е и споредба во однос на бројот на изречени налози во последните четири години.

## Правна рамка

Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кој стапи во сила на 03.01.2014 година, покрај линеарните аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се уредуваат и нелинеарните аудиовизуелни медиумски услуги по барање, со што обврската за почитување на авторските и сродните права важи за сите видови сервиси.

Согласно член 49 од Законот , давателите на аудиовизуелни медиумски услуги не смеат да објавуваат односно пренесуваат кинематографски дела надвор од периодот утврден во договорите со имателите на права.

Во однос на почитувањето на авторското право и сродните права, радиодифузерите при вршење на својата дејност се обврзани со член 61 став 1 алинеја 10 од Законот.

Законот ја обврзува Агенцијата да соработува, дава мислења, предлози и разменува податоци и информации со телото надлежно за заштита на авторските и сродните права и други државни тела, а тоа е регулирано со член 25 став 2 и 3 од Законот. Додека согласно член 18 став 1 алинеја 7, Советот на Агенцијата го информира органот надлежен за авторските права и сродните права кога се сомнева дека е сторена повреда на истите.

## Издадени налози заради заштита на ексклузивните права на радиодифузерите

Во 2014 година Агенцијата издаде шест налози за затемнување до сите оператори на јавни електронски комуникациски мрежи кои ги емитуваат или реемитуваат програмските сервиси на радиодифузерите. Овие налози се издадени со цел да се заштитат давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кои ги купиле ексклузивните права за емитување на аудиовизуелни програми. Ексклузивните права се уредени со договори склучени помеѓу имателите на правата и давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кои давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се должни да ги достават до Агенцијата.

Во постапката за проверка на уредноста на авторските и сродните права се применуваше Правилникот за начинот на доставување на пропратната документација кон дописите и пријавите уптатени до архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4993/1 од 14.10.2014 година[1],

Во анализираната година, затемнување на програмските сервиси беше побарано од страна на ТВ Алфа (три пати), од страна на ТВ Канал 5 (два пати) и од страна на јавниот сервис (еднаш).

Во февруари 2014 година ТВ Алфа побара да се издаде налог за затемнување на програмскиот сервис на АТВ и ТВ ОБН, и тоа за време на емитувањето на ТВ сериите „Фолк“ „Тајни“, „Авенија Бразил“ (трите на ТВ АТВ) и ТВ серијата „Отфрлена“ (на ТВ ОБН). Во мај 2014 година овој радиодифузер побара да се затемни програмскиот срвис на ТВ ОБН за време на емитувањето на ТВ серијата „Девојката по име Фериха“, а во септември побара затемнување на програмските сервиси Хајат ТВ и Хајат ТВ Плус, и тоа за време на емитувањето на ТВ серијата „Тајни" и „Отфрлена“. Откако Агенцијата констатираше дека ТВ Алфа во сите три случаи ги има регулирано авторските и сродните права за емитување на горенаведените ТВ серии издаде налог до сите оператори да ги затемнат програмските сервиси во периодот кога се емитуваат истите.

Во септември 2014 година Агенцијата, на барање на ТВ Канал 5, издаде налог за затемнување на програмскиот сервис на ТВ ОБН за време на емитувањето на шоу програмите „Звезде Гранда“ и „Неделно Попладне“. Бидејќи операторите не постапиле по издадениот налог, ТВ Канал 5 повторно побара од Агенцијата да издаде налог за затемнување во периодот на емитување на овие шоу програми. Овој налог беше издаден во октомври 2014 година.

Единствениот налог за затемнување на барање на Македонската радио-телевизја беше издаден во јуни 2014 година и истиот се однесуваше на затемнување на

[1] Правилникот за начинот на доставување на пропратната документација кон дописите и пријавите уптатени до архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиаумски услуги е објавен на веб страната на Агенцијата, на следниов линк: http://avmu.org.mk/images/Pravilnik.pdf

програмските сервиси на Eurosport, ХТВ, РТС и ТВ СЛО, и тоа во периодот на реемитувањето на „Светски куп на ФИФА 2014 – Бразил“.

Табела бр.1: Издадени налози за затемнување во 2014 година

| НАЛОЗИ ЗА ЗАТЕМНУВАЊЕ НА ПРОГРАМСКИ СЕРВИСИ ВО 2014 ГОДИНА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Оператори на кои им е упатен налог за затемнување** | **Архивски број** | **Датум** | **За кои програмкси сервиси е наложено затемнувањето** | **Предмет** | **Кој го побарал затемнување** |
| 1 | Сите оператори на јавна електронска комуникациска мрежа во РМ | 11-1046/3 | 25.02.2014 | АТВ (Алтернативна телевизија) и ТВ ОБН | Налог за затемнување во периодот на реемитување на ТВ сериите „Фолк“ "Тајни", "Авенија Бразил" на ТВ АТВ, и ТВ серијата "Отфрлена" на ТВ ОБН. | Алфа ТВ ДООЕЛ Скопје |
| 2 | Сите оператори на јавна електронска комуникациска мрежа во РМ | 11-1317/3 | 09.05.2014 | ТВ ОБН | Налог за затемнување во периодот на реемитување на ТВ серијата “Девојката по име Фериха”. | Алфа ТВ ДООЕЛ Скопје |
| 3 | Сите оператори на јавна електронска комуникациска мрежа во РМ | 11-3146/4 | 13.06.2014 | Eurosport, ХТВ (Хрватска радиотелевизија), РТС (Радиотелевизија Србија) и ТВ СЛО (Телевизија Словенија) | Налог за затемнување во периодот на реемитувањето на "Светски куп на ФИФА 2014 - Бразил". | Македонска радио телевизија |
| 4 | Сите оператори на јавна електронска комуникациска мрежа во РМ | 11-4620/1 | 22.09.2014 | ТВ ОБН | Налог за затемнување во периодот на емитување на шоу програмите "Звезде Гранда" и "Неделно Попладне". | ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје |
| 5 | Сите оператори на јавна електронска комуникациска мрежа во РМ | 11-4652/1 | 23.09.2014 | Хајат ТВ, Хајат ТВ Плус | Налог за затемнување во периодот на емитување на ТВ серијата „Тајни" и "Отфрлена". | Алфа ТВ ДООЕЛ Скопје |
| 6 | Сите оператори на јавна електронска комуникациска мрежа во РМ | 11-4620/3 | 03.10.2014 | ТВ ОБН | Постапување по налог за затемнување во периодот на емитување на шоу програмите "Звезде Гранда" и "Неделно Попладне". | ТРД Канал 5 ДООЕЛ Скопје |

Извор: АААВМУ

Вкупниот број на издадени налози во последните четири години изнесува 20, од кои најмногу биле издадени во 2013 година (седум).

Слика бр.1: Издадени налози за затемнување во последните четири години




Извор: АААВМУ

Во анализираниот период не се поднесени кривични пријави и барања за поведување прекршочни постапки против давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за кривични дела или прекршоци од областа на авторското право и сродните права.

## Доставени договори за регулирани авторски и сродни права од страна на радиодифузерите

Во анализираниот период, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, договори за регулирани авторски и сродни права за емитуваната програма доставија вкупно 16 радиодифузери. Од нив, дури 15 доставиле во првата половина од 2014 година.

Табела бр.2: Доставени договори во 2014 година

| Радиодифузери кои доставиле договори за регулирани авторски и сродни права | | | |
|---|---|---|---|
| Реден број | Радиодифузер | Архивски број | Датум |
| 1 | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ | 03-165/1 | 09.01.2014 |
| 2 | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје | 11-254/1 | 09.01.2014 |
| 3 | Трговско радиодифузно друштво за телевизиски активности ТЕЛЕВИЗИЈА Д1 ДООЕЛ, Делчево | 03-382/1 | 15.01.2014 |
| 4 | Трговско радиодифузно друштво ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово | 03-427/1 | 17.01.2014 |
| 5 | Трговско радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево | 03-432/1 | 20.01.2014 |
| 6 | Трговско радиодифузно друштво за телевизиски активности ТЕЛЕВИЗИЈА Д1 ДООЕЛ, Делчево | 03-461/1 | 21.01.2014 |
| 7 | Трговско радиодифузно друштво МЕНАДА-ТЕТОВО ДОО Тетово | 03-494/1 | 23.01.2014 |
| 8 | Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип | 03-451/3 | 24.01.2014 |
| 9 | Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани | 03-935/1 | 12.02.2014 |
| 10 | Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопјево РМ | 03-1046/1 | 19.02.2014 |
| 11 | Трговско радиодифузно друштво ТВ СКОПЈЕ ДОО Скопје | 03-467/1 | 21.02.2014 |
| 12 | Трговско друштво за радио - дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје | 03-1385/1 | 10.03.2014 |
| 13 | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје | 03-1497/1 | 13.03.2014 |
| 14 | Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопјево РМ | 03-2317/2 | 07.05.2014 |
| 15 | Трговско друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ | 03-3240/1 | 16.06.2014 |
| 16 | Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје | 03-5574/1 | 11.11.2014 |

Извор: АААВМУ

## Резиме

Со цел да се заштитат ексклузивните права на радиодифузерите, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2014 година издаде шест налози до операторите на јавни електронски комуникациски мрежи за затемнување на програмски сервиси во периодот кога емитуваа програми за кои радиодифузерите доставиле договори за уредени авторски и сродни права.

Во текот на постапката за утврдување на уредноста на договорите Агенцијата го применуваше Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и соодветните одредби од Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија“ бр.115/10, 51/11 и 147/13), каде е подетално објаснета граѓанската и кривичната одговорност за повреда на авторските и сродните права и одредбите од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 48/01, 4/02, 16/02, 43/03, 19/04, 40/04, 81/05, 50/06, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14 и 41/14), каде е детално пропишана кривичната одговорност за повреда на авторските и сродните права.

**Анализата ја одобри**
**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ, с.р**